**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ “– БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО-ОХРИД**

Студиска програма ТУРИЗАМ

# ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН КАКО СВЕТСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗАШТИТЕНО ОД СТРАНА НА УНЕСКО

докторски проект

Кандидат:

**Ива Николоска**

Број на индекс 86

Ментор:

**проф. Д-р Сашо Коруновски**

**СОДРЖИНА:**

**АПСТРАКТ**…………………………………………………………………………….…..2

**ВОВЕД** ………………….………………………………………………………………….…3

1. **ТЕОРЕТСКО – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО**

1.1 Предмет на истражување…………………………………………………….........……....3

1.2 Цели и задачи на истражувањето………………………………………..........…......3

1.3 Методолошка рамка на истражувањето…………………………………….........…4

1.3.1 Истражувачка хипотеза…………………………………………….……….........4

1.3.2 Методи и техники на истражување…………………………….....……........…4

2. **ЛЕГИСЛАТИВА ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И УПРАВУВАЊЕТО СО КУЛТУРНОТО И ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН**……………………………………………………………………….......5

3. **ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ПРЕКУ ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА АТРИБУТИТЕ НА ИСКЛУЧИТЕЛНАТА УНИВЕРЗАЛНА ВРЕДНОСТ**

3.1 Изјава за исклучителната универзална вредност……………………….…..............7

3.2. Интегритет……………………………………………………………………….……......7

3.3 Автентичност……………………………………………………….……………….......8

3.4 Територија на доброто…………………………………………………………......…..8

3.5 Контактна зона………………………………………………………………...…......9

3.6 Атрибути на исклучителната универзална вредност (ИУВ)…………….………...........10

3.6.1. Атрибути на природните вредности……………………………....………........11

3.6.2. Атрибути на културните вредности……………………………..…………...........13

3.7 Идентификација и нотификација на факторите со негативно влијание врз исклучителната универзална вредност…………………………………………….........16

4. **ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРОМЕТ ПРЕКУ СТРУКТУРНА АНАЛИЗА НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН**…………………….………………19
5. **ЗАКЛУЧОК**……………………………………………………………………...23
6. **КОРИСТЕНАЛИТЕРАТУРА**……………….……………………………………..25

# ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН КАКО СВЕТСКО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗАШТИТЕНО ОД СТРАНА НА УНЕСКО

**М-р Ива Николоска, Универзитет:„Св. Климент Охридски”- Битола, Р. Македонија**
**iva_aiesec@yahoo.com**

**Проф. д-р Сашо Коруновски, Универзитет:„Св. Климент Охридски”-Битола, Р. Македонија**
**saso.korunovski@uklo.edu.mk**

**Апстракт**

Охридскиот Регион како светско културно и природно богатство е заштитен од УНЕСКО уште во 1979 година како природно и една година подоцна како културно наследство. Регионот располага со исклучителни универзални вредности (ИУВ) кои е потребно да се зачуваат со цел да се пренесат на идните генерации. Околу таквите исклучителни подрачја често се создава и бренд кој што туристичките работници го искористуваат за промоција на нивните производи. Брендот со себе носи бенифиции во туристичкиот сектор, но и цел сет на институционални обврски кои гарантираат зачувување на интегритетот и автентичноста како главни атрибути на ИУВ. Во овој труд е консултиран и сетот законски прописи во функција на заштита и управување со Регионот. Целта е да се истакне балансираниот пристап на управување со ваквите брендирани локации кој пристап ќе овозможи заштита од една и одржлив развој од друга страна. Потенцирана е и меѓуинституционалната соработка и соработката со советодавните тела на УНЕСКО, како и меѓудржавната соработка, заради фактот што дел од заштитеното подрачје, припаѓа и на територијата на соседна Република Албанија.

Преку туристичката валоризација на Охридскиот Регион и идентификација на атрибутите на ИУВ, разгледувајќи ги и од природен и од културен аспект преку компаративна анализа на број на посетители и ноќевања во Југозападен Регион (2013-2022), наспроти бројот на посетители и ноќевања на ниво на Р. Македонија (2013-2022), ја докажуваме хипотеза: Брендот- Светско културно и природно наследство на УНЕСКО на Охридскиот регион, влијае на туристичкиот промет.

Во заклучните согледувања се даваат и соодветни препораки.

**Клучни зборови: Охридски Регион, УНЕСКО, Туристичка валоризација, Атрибути на ИУВ.**

## Вовед

Местата на светско наследство претставуваат важен потенцијал за развој на туризмот на повеќе региони и земји во светот.  Епитетот-Светско наследство на УНЕСКО е препознатлива промотивна алатка во функција на туризмот. Многу дестинации својот туристичкиот бренд го градат околу овие ознаки. Таков локалитет е градот Охрид во Република Македонија.

На официјалната веб страница на Организацијата за образование, наука и култура на ООН (UNESCO) фигурираат 43 подрачја и 67 држави членки кои партиципираат на списокот на светско наследство.

До крајот на 2004 година, местата за светско наследство беа избрани врз основа на шест културни и четири природни критериуми. Со усвојувањето на ревидираните Оперативни упатства за имплементација на Конвенцијата за светско наследство, постои само еден сет од десет критериуми.

Охридскиот Регион е впишан на листата 1979 година (одлука бр. 03COM XII.46). Инскрипцијата е направена врз база на исполнување на четири критериуми и тоа (i) (iii) (iv) (vii), што дескриптивно би значело дека Охридски Регион светско културно и природно наследство впишаниот регион (понатака во текстот впишаниот регион), со своите посебности во културниот и од природниот аспект се смета за ремек дело на човечкиот креативен гениј, преку кој може да се сведочи за културна традиција или цивилизација која живее или исчезнала, претставува извонреден пример за тип на градба, архитектонски или технолошки ансамбл или пејзаж кој илустрира, значајни фази во човечката историја, а како круна на универзалните културни и природни вредности се сметаат суперлативните природни појави и области со исклучителна природна убавина и естетско значење со исполнувањето на седмиот критериум.

## 1. Теоретско-методолошки пристап во истражувањето

### *1.1 Предмет на истражување*

Предмет на ова истражување е валоризација на туристичкиот промет на Охридскиот Регион како светско природно и културно-историско наследство, преку идентификација на атрибутите на ИУВ, кратка анализа за степенот на законска покриеност во контекст на заштитата и управувањето, за на крај преку структурна анализа да се дојде до заклучокот за влијанието на брендот УНЕСКО врз туристичкиот промет во анализираното заштитено подрачје- Охридски Регион.

### *1.2. Цели и задачи на истражувањето*

Целта на истражувањето е да се докаже поставената хипотеза преку идентификација на атрибутитите на ИУВ на Охридскиот Регион со потенцирање на посебноста на регионот и влијанието на охридското заштитено подрачје врз туристичкиот промет. Разработката на закони од областа особено делот кој се однесува на заштитата и управувањето со

заштитеното подрачје цели кон националната посветеност во смисла на легислативна покривност на регионот. Структурна анализа на бројот на посетители и ноќевања во Р. Македонија (2013-2022), број на посетители и ноќевања на ниво на Југозападниот Регион (2013-2022) и бројот на посетители и ноќевања во Охридскиот Регион како заштитено подрачје (2013-2022), треба да ја докаже поставената хипотеза врз што би се дале препораките во заклучните согледувања.

### *1.3 Методолошка рамка на истражувањето*

#### *1.3.1. Истражувачка хипотеза*

- *Основна хипотеза на овој труд е:*

***Брендот- Светско културно и природно наследство на УНЕСКО на Охридскиот регион, влијае на туристичкиот промет.***

#### *1.3.2. Методи и техники на истражување*

Во реализацијата на пристапниот труд е консултирана разновидна литература од областа за да се објасни проблематиката која се истражува.

Истражувањето ќе употреби повеќе методи:

- **Историски метод** - се консултираат податоци од публикации, книги, статии како и интернет особено официјалната страна на УНЕСКО, веб страните на ИУЦИН И ИКОМОС, веб страните на Општина Охрид, министерствата за култура и министерството за животна средина и просторно планирање, се анализираат стратегии за развој на туризам, анализа на стратегии за локален економски развој и други матријали кои можат да содржат податоци кои ќе користат во трудот, со кои хронолошки се навраќаме на важни податоци поврзани со темата.

- **Индуктивен – метод** е применет во објаснување и дефинирање на деловите кои го сочинуваат истражувањето, а се однесуваат на изолирање и разработка на атрибутите на ИУВ во корист на потврдување на хипотезата.

- **Дескриптивен метод** со кој се врши диференцијација и селекција на приоритетни области.

- **Логички метод** - центар на интересирање на логичкиот метод е структурата на предметите или појавите, односно состојбата на предметот што се истражува, особено употребен во заклучните согледувања.

- **Статистички метод** - метод преку кој со податоци од Заводот за статистика на Р.М. и нивна обработка е креирана структурна анализа на број на посетители и ноќевања во Р. Македонија (2013-2022), број на посетители и ноќевања на ниво на Југозападниот Регион (2013-2022) и бројот на посетители и ноќевања во Охридскиот Регион како заштитено подрачје (2013-2022).

## 2. Легислатива од областа на заштитата и управувањето со културното и природното наследство на Охридскиот регион

Природното и културното наследство на Охридскиот Регион како светско наследство денес има највисок степен на национална и меѓународна заштита и оттука, грижата за неговите атрибути и вредности се одговорност најпрвин индивидуално на секој поединец, а потоа и на целата заедница. Уште на почетокот на 20 век, во 1912 год, Охридското езеро било заштитено со правни прописи од Османлиската империја, а од ‘12 до ’41 со правни прописи на Кралството Југославија. По Втората светска војна во 1944 на првото заседание на АСНОМ е донесено првото Решение за заштита на охридското езеро. Во 1963 година, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата го укинува претходното Решение и Охридското Езерото го заштитува во категоријата споменик на природата, за во ‘68 да донесе и Решение кое се однесува на заштитата на старото градско јадро на Охрид како споменична целина со мерки на заштита.

На 16 ноември 1972 год. на Генералната конференција во Париз, УНЕСКО ја усвои Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство која предвидува идентификација, заштита, конзервација и презентација на културните и природните добра со „исклучителна универзална вредност “. Конвенцијата била ратификувана ’74 од поранешна СФРЈ, а Р. Македонија ја ратификува сукцесивно во 1997 година со ретроактивна важност од 1991 година. Во ‘77 година е донесен Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро со кој Охридското Езеро беше прогласено за заштитено подрачје во категорија „Споменик на природата” со површина од 200 $km^2$. Наредната година ‘78 Општинскиот завод за заштита на спомениците на културата Охрид го заштитува Охридското природно и културно-историско подрачје поради карактеристичните одлики и природни убавини, геолошки, хидролошки, хидробиолошки, културно-историски и други научни вредности од културно, естетско, историско, образовно-воспитно, здравствено, рекреативно, туристичко и друго економско богатство на споменик на културата и археолошки локалитети за споменик на природата и културата.

Охридскиот Регион е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни вредности во 1979 година (според критериумот (iii), односно сега критериум (vii), а една година подоцна 1980 година е извршено проширување на номинацијата со дополнување на критериумите за културни вредности (i), (iii) и (iv) и доброто е впишано под името „Охридски Регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна средина”.

### Закони кои ја третираат заштитата на културното наследство

Културното наследство е наследство на физички артефакти и нематеријални атрибути на група или општество што е наследено од минатите генерации. Не сите наследства на минатите генерации се „наследство “, туку наследството е селективен производ од општеството.

Понатака следи кратка обработка на дел од законите кои ја опфаќаат оваа област.

**Законот за култура,** ги утврдува основите на културата како темелна вредност. Во член два се повикува и на предметите и објектите од културно- истористко значење, како и улогата на државата како гарант за остварување на културата преку утврдување на националниот интерес и обезбедување услови за негово остварување.

**Законот за заштита на културното наследство**, наследство на регионот го внесува во категоријата споменик на културата, а во делови на Законот се споменува развојот на културниот туризам во насока на заштитата и презентацијата на културното наследство. Законот го дефинира културното наследство неговите видови, категории, идентификација, начините на ставање под заштита и инструментите на ставање под заштита.

**Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење** (Сл. весник на РМ бр.47/11, 154/15) го прогласува старото градско јадро на Охрид за културно наследство од категоријата особено значење, поткатегорија – големо значење. Со овој Закон се пропишува изготвување на План за интегрирана заштита, во кој треба да е содржан дел со утврдување на насоки за развој на културниот туризам во согласност на принципот на одржлив развој. После добиените Извештаи на Реактивните мониторинг мисии на УНЕСКО /ИКОМОС / ИУЦН од 2017 (во Р. Македонија) и 2020 година (заедничка мисија во Р. Македонија и Р. Албанија), се појавува потребата Министерството за култура да го даде Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за прогласување на старо градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење. Со предложените измени на Законот се заострува режимот на заштита на спомeничката целина на Старото градско јадро согласно препораките и одлуките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО.

**Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.** Со овој закон се уредува управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион како и правата и обврските на Република Македонија, на општините Охрид, Струга и Дебарца. Законот предвидува меѓународна соработка како и активно учествуво во меѓународниот систем на соработка и помош со цел остварување на меѓународна заштита на светското природно и културно наследство. За управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, а по претходно мислење на Националната комисија на УНЕСКО, донесува План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со акционен план.[1] Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со Акциски план е донесен за периодот од 2020-2029 година, а од истиот се очекува да обезбеди висок степен на заштита на исклучителната универзална вредност на регионот. Планот претставува и основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што се обезбедува рамнотежа меѓу заштитата на доброто и неговото

---

[1] **ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН**
Службен весник на РМ број 75од 07.06.2010

искористување. Законот пропишува и изготвување на Извештај на секои шест години за состојбата на светското природно и културно наследство.

Закони кои се донесени во функција на заштитата и управувањето со природното наследство се: Законот за заштита на природата, Законот за животна средина, Законот за водите, Законот за внатрешна пловидба, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, Законот за прогласување на шумските предели на планината Галичица за национален парк, Законот за шумите и Законот за пасиштата.

## 3. Валоризација на Охридскиот регион преку идентификација на атрибутитите на исклучителната универзална вредност

### *3.1. Изјава за исклучителната универзална вредност*

Исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион е резултат на комбинација на културните вредности (материјални и нематеријални) и природните феномени кои се одликуваат со диверзифицираност и квалитет.

Трите столба врз кои се заснова ИУВ на Охридскиот Регион се: исполнувањето на најмалку еден од критериумите од Оперативниот водич за спроведување на Конвенцијата за светското наследство, задоволување на условите за автентичност и квалитет како и условите за заштита и управување со светското наследство.

### *3.2. Интегритет*

Со малите измени на границата на Доброто направени во 2009 година не се опфатиле сите елементи т.е биле заштитени само две третини од Охридското Езеро во Република Македонија и само еден дел од сливот на езерото.

Во февруари 2018 година Република Албанија го поднесе номинациското досие за проширување на границите и впишување на делот од Охридскиот Регион кој се простира на територија од Албанија на Листата на светско наследство на УНЕСКО. Албанскиот дел од Охридското Езеро вклучува важни области како што се пределот на полуостровот Лин и селото Лин, пределот во северниот дел на Лин, каде што се лоцирани древни населби на Илирите и изворите Дрилон. Во јули 2019 година Комитетот за светско наследство на УНЕСКО го прифати проширувањето на границите на доброто и на територија од Албанија, со што е задоволена една од главните компоненти на исклучителната универзална вредност, а тоа е зачувување интегритетот на најстарото и најбогатото со биолошка разновидност езеро во Европа (Одлука 43 COM 8B.9)[2].

2 https://whc.unesco.org/en/decisions/7366

Како главни закани по Доброто се нотирани: ектензивниот и неконторлинаран урбан развој, несоодветниот третман на отпадните води и цврстиот отпад силните притиоци од туризмот и масовноста во сезонските бранови и напливи. Од природен аспект се нотирани закани кои се однесуваат на фрагментација и уништување на живеалиштата, неконтролирано и нелегално риболовство, несоодветна експлоатација на крајбрежната зона и загадување на водите заради водниот сообраќај.

### *3.3. Автентичност*

Автентичноста на доброто е резултат на долгиот континуиран "живот" на територијата на Доброто и вкрстување на Истокот и Западот со што се формира спецфичен идентитет. Градот Охрид како јадро на Доброто е релативно добро зачуван, но прекумерната урбанизација го товари спомeничниот ансамбл како и визурата на градот и крајбрежјето на појасот како најатрактивен дел за изградба на инвеститорите. Реконструкцијата пак на објектите е активност која кај дел е изведена со изворни материјали, а во поголем дел со нови неавтентични што претставува закана по автентичноста на доброто.

### *3.4. Територија на доброто*

При инскрипцијата на заштитеното добро- Природно и културно наследство на Охридскиот Регион во номинациското досие од 1979 година не биле прецизно дефинирани границите на заштитениот регион. Заради тоа во 2009 година, прецизно се дефинираат границите на заштитениот регион и таквите граници се прифатени од Комитетот за Светско наследство на сесијата која се одржала во Севља, Шпанија (Одлука 33 COM 8B.40). Територијата која ја опфаќа заштитеното добро на македонска страна изнесува 83,350 ha опфаќајќи територии од три општини и тоа општина Охрид, општина Дебрца и општина Струга. Од вкупната површина на заштитениот регион, општина Охрид партиципира со 46% или 38.400 ha. Во 2019 година Комитетот за светско наследство на УНЕСКО го прифаќа проширувањето на границите на доброто и на територија од Албанија (43 COM 8B.9, Баку, Азербеџан, 2019 год.), со што на територијата на доброто се додаваат уште 11,378.6 ha површина. Со ова проширување се задволува и една од главните компоненти на ИУВ, а тоа е интегритетот на Охридското Езеро како дел од заштитениот регион. Денес, вкупната површина на заштитеното добро изнесува 94,728.6 ha, со контактна зона лоцирана на албанската страна од 15,944.4 ha.

Охридскиот регион е исто-така дел од Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа (Р. Албанија-Р. Северна Македонија), прогласен од страна на УНЕСКО во 2014 година. Во рамките на доброто се наоѓа и Рамсарскиот локалитет Охридско Езеро и Студенчишко блато, прогласен во 2021 година, со територија од 25,205 ha. Во постапка на репрогласување се наоѓа Споменикот на природата Охридското Езеро (ИУЦН категорија III), на иницијатива на Министерството за животна средина и просторно планирање и актуелно е усвојувањето на текстот за прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје во трета категорија- Споменик на природата. Следно, Законот оди во собраниска процедура за негово усвојување. Овој процес е поддржан од програмата на Обединетите Нации за животна средина (УНЕП) во Виена, од Меѓународната унија за заштита на

природата (ИУЦИН), Канцеларијата за Источна Европа и Централна Азија (ЕЦАРО) како и од националните институции и експерти.

- Во постапка на прогласување се наоѓа и Паркот на природата Студенчишко блато (ИУЦН категорија IV).




Извор: https://whc.unesco.org/en/list/99/maps/

Граници на прекуграничното добро - Природно и културно наследство на Охридскиот Регион.

### *3.5. Контактна зона*

УНЕСКО заради подобра заштита на секое подрачје, споменик или локалитет препорачува да одреди така-наречена контактна зона која ќе биде прецизно дефинирана со цел подобра и попрецизна заштита на истото.

Во контактна или така-наречена бафер зона се воспоставува целосна правна заштита што предвидува соодветни забрани во однос на начинот на користењето на земјиштето, урбанизацијата и развивањето на инфраструктурни проекти, заради обезбедување на дополнителна заштита на доброто[3].

Контактната зона во суштина претставува своевидно проширување на границите на Доброто т.е. вклучување на непосредната околина што е функционално поврзана со подрачјето, со цел да се намалат штетните влијанија. Неопходноста од воспоставување на контактна зона произлезе од Извештајот од 2017 година од рактивната мисија каде беше препорачано додавањето на Преспанското Езеро[4].

Утврдувањето на контактна зона на заштитените подрачја е релативно нов концепт во науката за заштита, и пристапот може да се разликуваат во голема мера за секоја локација.

### *3.6. Атрибути на ИУВ на Охридскиот Регион*

Со оглед на фактот што доброто е од мешовит карактер и содржи атрибути на културни и природни вредности чие испреплетување на една релативно мала територија дава посебена димензија и исклучителност која обврзува на заштита како би можела таа вредност да се пренесе на идните генерации, се јавува потребата за валоризација на истите.

Разгледувајќи го регионот на Охридското езеро, може да се заклучи дека истото како најстаро езеро во Европа од секогаш го привлекувало вниманието на човекот кој се населувал во близина на истото. Сведоштво за тоа се и древните патишта и населби кои опстојувале низ разни епохи. Токму таа синергија на природата и човекот низ епохите го прави овој регион исклучителен.

Охридското Езеро е лоцирано на 683 m н.в. Опкужено со планински венци кои достигнуваат надморска височина од околу 2250 m. Длабоко 288,7 m, со просечна длабочина од 155 m, тоа е едно од најволуменозните природни базени во Европа со вкупна површина од 358 км2. Од таа повртшина ⅔ се на наша територија и околу ⅓ во Албанија. Површината на непосредниот слив изнесува 1129 км, додека ефективната површина на сливот е многу поголема и го вклучува и сливот на Преспанското Езеро поради подземната врска низ крастот. Во неговоте води пронајдени се повеќе од 1400 автохтони вида, вклучувајќи и околу 300 вида кои се ендемски за Охридското Езеро.

Градот Охрид како една од најстарите човекови населби во Европа е редок бисер на архитектонско- уметничкиот дострел и ризница на архитектонски, археолошки, материјални и нематеријални вредности.

Регионот го опфаќа и градот Струга кој исто-така се развивал на брегот од Охридското Езеро и на бреговите на реката Црни Дрим, која како природен феномен

---

[3] UNESCO 2019 Operational Guidelines, 103-107, с.30

[4] 20170628_Reactive_Monitoring_mission_report_Ohrid_region.pdf.

истекува од езерото и има археолошки наоди од периодот на неолитот, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот и раниот средновековен период.

Крајбрежните населби кои како венец го надополнуваат пејсажниот ансамбл околу езерото и во кои како најрепрезентативни ги вбројуваме Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта се свечен репрезент на долготрајната традиција и руралната архитектура и претставуваат исклучителен културен предел во кој објектите се во хармонија со морфологијата на теренот, вегетацијата и воденото огледало на езерото.

### *3.6.1. Атрибути на природните вредности*

Кога зборуваме за природните вредности на Охридскиот Регион, тогаш секако дека во најголем дел истите се однесува на Охридското Езеро кое е познато како суперлативен природен феномен. Со геолошка и биолошка историја од 2 до 5 милиони години се истакнува како најстаро природно езеро во Европа и едно од најстарите езера во светот. Како суперлативен природен феномен ги поседува следниве атрибиту на ИУВ:

- најголемата просечна длабочина (155m) претставува најдлабоко езеро во Европа и четирниаесто во светот;

- тоа претставува последен остаток од древниот воден регион на евроазискиот континент пред леденото време и според својата геолошка и биолошка историја се смета за најстарото езеро во Европа;

- од настанувањето на езерото во плеистоценот се создале услови за одредени екосистеми (посебно пештерски и водни екосистеми) и елементите на фауна кои се дел од овие екосистеми за да преживеат во текот на подолги периоди. Прастарите групи (реликтни видови на фауна) се распространиле преку процес на еволуција каде од еден вид настануваат два или повеќе генетски независни видови (специјација), што резултирало во бројни локални ендемски видови;

- езерото претставува исклучително жариште на биолошка разновидност од глобално значење. Со 212 ендемски вида флора и фауна и површина од 358,2 km2 најверојатно претставува езеро со најголема разновидност во светот, во смисла на застапени ендемски видови на единица површина. Живите фосили и ендемските видови се развиле како единствен резултат на географската изолација и непреченото одвивање на биолошката активност. Овој ендемизам на Охридското Езеро опфаќа полжави, трепчести црви, голем број реликти од алги и од дијатомеи, езерски сунѓери, алги, риби, како и 88 вида птици. Овие видови се приспособиле на олиготрофните услови што се поддржани со карстните извори и Студенчишкото Блато. Степенот на ендемизам на Охридското Езеро се проценува на 36% за сите видови и 34% за животинските видови. Значајно е да се одбележи дека се застапени 72 гастроподни вида од кои 78% не се среќаваат на друго место од планетата. Кај други таксони, исто така, се среќава висок степен на ендемизам, и тоа: ciliophora (91% ендемизам од вкупно 34 видови), amphipoda (90% од вкупно 10 вида), porifera (80% од вкупно 5 вида), isopoda (75% од вкупно 4), tricladida (79% од вкупно 29 вида), ostracoda (63% од вкупно 52 вида) и hirudinea (54% од вкупно 26 вида)

- Охридското Езеро го поддржува рзвојот на биолошката разновидност на слатководните риби со густина од >8 таксони на секои 104 km2. Застапена е релативна рамнотежа меѓу ципринидните и салмонидните риби. Ихтиофауната е претставена со 21 вид, од кои 15 се карактеристички за Западен Балкан, 13 се среќаваат во Југоисточниот Јадрански Регион, а 8 се ендемски за Охридското Езеро;

- во езерото се среќаваат бројни загрозени видови од регионален, европски и глобален карактер. Според глобалната Црвена листа на ИУЦН, во Охридското Езеро се среќаваат 26 ранливи, 17 засегнати и 11 критично загрозени вида. Како поважни растителни видови може да се спомнат Nufar lutea, Nymphaea alba, кои се строго заштитени според националното законодавство.

- Студенчишкото Блато го снабдува езерото со вода преку подземна врска, притоа, регулирајќи ги екосистемските услуги на поширокиот регион преку задржување на нутриенти, и со тоа го намалува антропогеното влијание и го подобрува квалитетот на водите. Студенчишкото Блато е остаток од претходното поголемо блатно живеалиште, но тоа е сè уште функционално, а стратифицираните слоеви на тресет претставуваат еден вид палеоеколошки архив; во блатото се мрестат три таксони на комерцијално значајни риби. Блатото придонесува и за секвестрација на јаглерод во 300 cm длабокото хистосолно тресетиште(Apostolova et al, 2016; Society of Wetland Scientists, 2018г.)[5].

При вреднувањето на просторот особено значење треба да се даде и на геоморфолошките и топографските специфики, визурите, атрактивноста на регионот и посебните климатски специфики.

Од планините централно место во регионот зазема масивот Галичица со врвот Магаро (2255 m), додека планината Јабланица со високите врвови (Стрижак -2333 мнв, Крстец -2185 мнв и Чумин Врв -2125 мнв) претставува западна граница на регионот.

Охридското Езеро заедно со Националниот парк „Галичица “и Преспанското Езеро како комплексна целина, претставуваат област со изразено богата биолошка разновидност, висок степен на хетерогеност и ендемизам, и во таа смисла се смета за навистина импресивна локација во Европа. Во прилог на предходното е и сознанието дека во Националниот парк „Галичица “се откриени над 30 растителни таксони и тие претставуваат заштитен знак на планината. Тука се присутни и 19 таксони од светската Црвена листа на засегнати растенија на IUCN кои имаат статус „ретки “(R – rare). Вкупниот број на таксони од фауната досега забележани на територијата од паркот изнесува над 3150 ha, што претставува енормно висока разновидност на подрачје од само 25000 ha.

Во Охридскиот Регион се идентификувани и така-наречени жаришта на биолошката разновидност и такви се девет:

---

[5] План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)

1. Света Богородица Калишка - сублакустриски извори;

2. Калишта - единствено природно живеалиште на жолтиот локвањ (Nupharlutea) на Охридско Езеро;

3. Подмоље - најраспространет појас на трска (Phragmites australis) на Охридското Езеро, природно живеалиште на загрозени видови птици и мрестилиште на крап;

4. Мазија - ревитализирано природно живеалиште на жолтиот локвањ (Nuphar lutea), мрестилиште на крап и живеалиште и гнездилиште на птици;

5. Студенчишко Блато - макрофитска вегетација и плодиште на краповидни риби;

6. Вели Даб - сублакустриски извори, плодиште на пастрмката и биодиверзитет на бентосната фауна;

7. Вељa Пеш - сублакустриски извори, плодиште на пастрмката и биодиверзитет на бентосната фауна;

8. Свети Петар - крајбрежни и сублакустриски извори, мрестилиште на пастрмката и биодиверзитет на бентосната фауна;

9. Светинаумски Извори - најиздашен извор на Охридско Езеро, мрестилиште на пастрмки и краповидни риби и биодиверзитет на бентосната фауна.

### *3.6.2 Атрибути на културните вредности*

Епохалниот континуиран развој на Охрид и Охридскиот Регион фузирањето преку културолошка размена помеѓу Истокот и Западот вплодил со формирање на посебен идентитет кој што не постои во тој облик на Балканот. Таквиот идентитет е синтеза на природното, урбаното и руралното. Шармантното природно опкружување каде централно место има езерото со својот богат биодиверзитет во склад со автентичните вредности на создаденото културно наследство, му даваат посебност на целиот регион и го чинат единствен. Постепеното губење на делови од традиционалните градби го менува изгледот на пејзажот во целина, со што трајно се губат неговите карактеристики. Од таа причина, треба реално да се согледаат вредностите на сите видови елементи во репертоарот на традиционалното градителство, затоа што иако секој елемент од градителството сам за себе не претставува исклучителна вредност, тој, заедно, со елементите од ист вид, го чинат интегралниот дел од хармонизираната целина каде што секој од деловите претставува градителска идеја на минатото.[6]

Најпрепознатливи репрезенти со архитектонско-урбанистички вредности во границите на впишаното добро се старите историски центри - урбани јадра на градовите Охрид и Струга, потоа следат крајбрежните населби покрај Охридското Езеро како и 16

[6] План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)

археолошките локалитети кои опфаќаат период од над 5000 години, 17 градбите од византискиот, османлискиот период, преродбенскиот период и др. Духовните центри и манастирите, надвор од урбаните јадра градени на импресивни локации и во склад со природната околина, се исто-така од непроценлива вредност, а од нив се издвојуваат, манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил (Св. Наум) на јужниот дел од охридското крајбрежје, манастирскиот комплекс Св. Богородица Захумска - Заум кај с. Трпејца и манастирскиот комплекс Св. Богородица - Калишта на западниот брег од Охридското Езеро.

Охрид - градот гледан како една споменична целина има огромно значење поради комплексноста од многубројните археолошки остатоци, но и повеќето изолирани градби кои ги имаат карактеристиките на културно наследство од исклучително значење.

Охрид се смета за една од најстарите човекови населби со најдолг континуиран живот во Европа и токму таа епохалност оставила траги кои се проценуваат како ретко архитектонско и уметничко достигнување и ризница на архитектонски, археолошки, материјални и нематеријални вредности. Старата градска архитектура на Охрид зазема посебно место во богатото културно наследство, особено заради фактот што овде е зачуван типичниот изглед на ориенталната градска куќа од XVIII и XIX век (куќата на Робевци, куќата на Крапчев, куќата на Уранија…). Присутноста на вакви куќи е забележана и на други простори на Балканот, но овој тип на архитектура во Охрид се развил во локална варијанта. Тесниот и ограничен простор, недостигот на воздух и светлина заради близината на градбите и тесните пристапни улички градителите го надоместиле со подигање на катови во кои секој нареден е поширок од подолниот, а многуте прозорци обично се поставуваат према југ т.е. према езерото. Малобројните зачувани куќи од првата половина на XIX век се среќаваат во погусто населените простори, разместени по стариот дел на градот и секоја од нив има своја поесебна убавина.

- Урбаното јадро на Охрид е дом на структури и локалитети кои датираат од предисторијата, антиката и доцната антика, ранохристијанскиот период, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, преродбенскиот период, модерната, но и градби кои го носат белегот на современото. Се смета дека градот е изграден претежно меѓу VII и XIX век.

Охрид е седиште на најстариот словенски манастир (Свети Пантелејмон) основан од св. Климент Охридски во IX век (се смета за првиот универзитет на Балканот многу пред европските универзитетски центри: Болоња 1088, Оксфорд 1167 Кембриџ 1209, Прага 1348, Виена 1365, Келн 1388, Мајнц1476,), кој ја ширел писменоста, образованието и културата низ целиот древен словенски свет. Охрид е резиденција на повеќе од 800 икони со светско значење во византиски стил, насликани меѓу XI и XIV век. Словенската култура се ширела од Охрид кон другите делови на Европа.

Од ранохтистијанскиот период се издвојуваат 18 базилики со исклучително вредни мозаични подови кои датираат од периодот меѓу IV и почетокот на VI век, и припаѓаат на славниот предок на Охрид- градот на светлината античкиот Лихнидос локалитети.

Откриените и конзервирани археолошки локалитети/наоѓалишта веќе се во функција на туризмот презентирани како археолошки паркови. Такви примери се наколната населба - Музеј на вода во Заливот на Коските, ранохристијанските базилики на Плаошник, Манчевци и др., античкиот театар и Самоиловата тврдина). Бројните археолошки и етнолошки предмети, иконите (дел изложени во Галерија на икони), старите ракописи и историски документи, како и предметите од применетата уметност кои се изложени во неколку перманентни поставки или преку разни повремени изложби и други видови презентација, исто така придонесуваат во развојот на културниот туризам.

Струга- настанувањето на Струга е поврзано со наколните населби покрај Охридското Езеро. Археолошките локалитети сведочат за постоењето наоди од периодот на неолитот, бронзеното време, македонско-хеленистичкиот период, римскиот и раниот средновековен период.

Значењето на Струга го потврдуваат и репрезентите на градската архитектура кои се истакнуваат со своите амбиентални, естетски и градителски вредности. За жал, голем дел од тие градби исчезнуваат низ времето, а оние малобројните ги носат карактеристики на типичната ориентална градска архитектура од крајот на XIX и почетокот на XX век. Иако надворешно едноставни, ентериерно изобилуваат со најразлични декоративни елементи, меѓу кои, се издвојуваат таваните украсени со најразновидни розети и други елементи изработени во длабока резба, што им дава навистина прекрасен изглед.

Општината Дебрца- со дел од својата територија припаѓа во границите за заштитеното природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Концентрацијата на археолошки локалитети со значајни археолошки наоди го отсликуваат значењето кое оваа територија го имала во минатото, но и придонесот во комплетирање на сликата за автентичната универзална вредност на регионот. Констатираните археолошки локалитети на територијата од Општината Дебрца припаѓаат на различни временски периоди, од кои би ги издвоиле: Требенишка Некропола, Горенци, VIII-IV век пр. н.е. (позната по богатиот археолошки материјал - откриени златни посмртни маски), Требенишко Кале, Требеништа (антички период), Зла Страна, Горно Средоречје (неолит), Кутлина, Велмеј (неолит до VI век), Сува Чешма, Три Челусти и Вртулка, Горенци (VIII-IV век пр. н.е.), Черепец, Годивје, пештера Јаорец, Велмеј (констатирани траги од првобитни заедници). Религиското наследство (црквата Си Свети во с. Лешани од XIV век) и некои стопански објекти (воденицата во с. Лешани) се само дел од богатото културното наследство кое го поседува овој регион[7].

Крајбрежни населби (Трпејца, Пештани, Радожда и Калишта).

Трпејца - село сместено во подножјето на планината Галичица, во природна вдлабнатина меѓу карпите на источниот брег од Охридското Езеро. Во негова непосредна близина, само по воден пат може да се стигне до црквата Св. Богородица Захумска. Фрескодекорација на црквата зазема значајно место во охридската уметност од XIV век.

---

[7] План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)

Пештани - село сместено на 12км јужно од Охрид на источниот брег на Охридското Езеро. Рибарството и сточарство биле основни занимања на жителите во минатото. Со развојот на туризмот, старите селски домаќинства се преадаптираат во современи сместувачки капацитети со што ја губат автентичноста.

Радожда - претставува типично рибарско село, сместено во рамничарскиот дел крај северозападниот дел од езерскиот брег кое постепено прераснува во туристичка рурална населба, со идеални можности за развој на селски туризам. Селото постепено се трансформира во современа туристичка населба со развој на услужните дејности: трговија, угостителство и туризам. Над селото се наоѓа пештерната црква Св. архангел Михаил (XIII - XIV век) со зачуван вреден живопис.

### 3.7 Идентификација и нотификација на фактори со негативно влијание врз исклучителната универзална вредност

Со ратификација на Конвенцијата за светско наследство, Р. Македонија се обврзува својот единствен заштитен УНЕСКО регион да го заштити, зачува, презентира и пренесе на идните генерации. Ратификацијата значи не само примена на Конвенцијата, туку и на актите кои произлегуваат од неа, како што е Оперативниот водич, но и примена на конкретните мерки и препорки кои произлегуваат од телата на Конвенцијата. Во тој контекст, Центарот за светско наследство преку своите советодавни тела ИУЦИН (за природно) и ИКОМОС (за културно наследство) континуирано проценува дали државата воспоставува соодветен систем за заштита со кој може да биде гарант за трајно зачувување на интегритеот и автентичноста на доброто како главни атрибути на ИУВ.

Иако зачувувањето на статусот на Светско наследство на УНЕСКО треба да биде приоритет на секоја влада со оглед на фактот дека стекнатата титула е најпрестижна титула и своевиден туристички бренд која може еден регион или локалитет да ја добие, актуелната состојба на доброто упатува на фактот дека задолжителноста и приоритизирањето во примената на препораките на телата на УНЕСКО недоволно се препознаени во правниот систем на Р. Македонија и кај надлежните институции.

Главните фактори и закани за губење на статусот се евидентирани и во Извештаите на Реактивните мониторинг мисии (РММ) на УНЕСКО / ИКОМОС / ИУЦН од 2017 (во Р. Северна Македонија) и 2020 година (заедничка мисија во Р. Северна Македонија и Р. Албанија) и во мноштво други релевантни извори. Се нотираат и повторуваат пред се: неефикасното управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, влијанијата врз квалитетот на водите во сливот на Охридското Езеро, неодржливото земјоделство, шумарство, рибарство и туризам, екстракција на минерални суровини и вода за пиење, внесувањето на алохтони видови, загубата и фрагментацијата на живеалиштата, нарушувањето на пределот, климатските промени, интензивната урбанизација која влијае на загубата на урбанистичко-архитектонските вредности, археолошкото наследство и пределските карактеристики, експанзијата на градби за потребите на масовниот туризам, изградбата на објекти без правен статус, крајбрежната трансформација, изградбата на големи инфраструктурни проекти, и хидротехнички објекти за производство на електрична

енергија, несоодветното испуштање на отпадните води, непрописното отстранување на отпадот.

Интегритетот и автентичноста на доброто се засегнати и од ненавремената и несоодветна конзервација на заштитените добра, отсуството на знаења и вештини за управување со доброто, како и компромисната политика во полза на развојот на туризмот и урбанистичката експанзија наспроти заложбите за зачувување на статусот на светското природно и културно наследство. [8]

Извештајот на мисија  од 2017 година содржи 19 препораки кои се вклучени во конечната препорака на Комитетот за светско наслеедство на УНЕСКО- 10COM 7B.34, усвоена на годишната седница во јули 2017 г. Дел од препораките се однесуваат на: трајно напуштање на големите инфраструктурни проекти како железничката пруга во состав на европскиот Коридор VIII, изградбата на автопатот А2, како и проценка на кумулативното влијание на железницата и автопатот А2 врз ИУВ, трајно откажување од плановите за изградба на подделовите (а) и (д) од патот А3, како и трајно напуштање на плановите за изградба на скијачки центар на Галичица, воведување на мораториум за градба на сите крајбрежни и урбани трансформации на територија на доброто се до усвојување на релевантни плански документи, финализирање на сите плански документи меѓу кои е наведена и Стратегијата за туризам.  Се препорачува да се креира регистар на дивоградби по кој би се направиле (HIA и EIA Heritage Impact Assessments and Environmental Impact Assessments) по што се препорачува отстранување на дивоградбите особено во Националниот парк Галичица, а понатаму се бара обезбедување строга применливост на законите за да се спречи секоја понатамошна дивоградба во рамките на имотот. Една од препораките се однесува на дефинирање на контактна зона со вклучување и на Преспанското езеро како важен дел особено заради поврзаноста на охридско-преспанскиот еко-систем, како и на преостаниот дел од Националниот парк Галичица. Мисијата препорача и разјаснување на задачите и ингеренциите на Комисијата за Управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион и воспоставување на вистински партиципативен пристап во управувањето со цел обезбедување на адекватно вклучување на локалните заедници и граѓански организации. Силно се препорачува и зајакнувањето на прекуграничната соработка со Р. Албанија. Препораката број 13 се однесува на подобрувањето на третманот на отпадните води и едукација и обука на кадарот за градење на соодветни технички капацитети. Центарот за светско наследство побарува и информации за хемискиот состав на дрвените столбови во музејот Залив на коските. Се препорачува и развивање и спроведување на соодветни мерки за стабилизирање на водостојот на Охридското Езеро преку редовен мониторинг на испустот на езерските води во Црн Дрим. Круцијална за регионот е препораката која се однесува на депонијата Буково каде се бара затворање и чистење на депонијата и сите диви депонии во рамките на заштитеното подрачје и воспоставување на функционален систем за собирање на комунален отпад. Превземање на неопходни мерки за контрола на инванзивни видови во Охридското Езеро, обезбедување и редовно спроведување на програмата за следење на биолошката разновидност и спроведување на законските одредби за заштита на загрозените и ендемичните видови.  Намалување на моторизираниот сообраќај во стариот дел на Охрид,

[8] Стратегиски План за Рехабилитација на природното и културно наследство на Охридски регион (2023-2030)

со примена на добри практики од други историски центри. Последната препорака од сетот се однесува на спроведување на соодветни мерки за спречување или било каква загуба на археолошките остатоци и влошување на кохерентноста на архитектонското и урбанистичко планирање како и подобрување на јавниот простор т.е. околината на истите со почитување на автентичноста и интегритетот, избегнување на големи комерцијални билборди или упадливи и нелокални растенија како на пример палми.

За приоритетните мерки, државата имаше обврска за спроведување и рок од две години. Иако надлежните институции покажаа раздвижување по препораките, во нацрт одлуката од мај 2019 г. Центарот за светско наследство констатира дека регионот се соочува со непоправливи трансформации на севкупната врска помеѓу историскиот град, археолошките остатоци, природниот пејзаж и Охридското Езеро со кои може да се справи единствено со превземање на одлучни, масовни и круцијални промени во владеењето, управувањето, планирањето, заштитата и процесите на имплементација. Во спротивно се препорачува регионот да биде запишан на Листата на загрозено светско наследство.

Најголеми закани по интегритетот се повторуваат и во понатамошните Извештаи заради континуирано девастирање на доброто и се однесуваат на: неконтролираната урбанизација, несоодветниот третман на отпадните води и цврст отпад, нелегалното градење, прекумерниот риболов, несоодветното користење на крајбрежјето од зголемениот воден сообраќај, инвазивни видови и др. (IUCIN 2019, WHC2019, WHC/IUCIN/ICOMOS 2017). Во Извештајот се нотирани и неодржливите туристички практики и како рекација на Извештајот, Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) во делот закани врз природните вредности ги идентификува ризиците и главните причинители на неоджливиот туризам, а меѓу нив ги вбројува: изградба на куќи, вили, хотели во заштитни зони на НП „Галичица"и изградба на хотели во крајбрежен појас како и одржување на Заливот на Коските и уредување на плажи. Понатака уредувањето на плажите со некомпатибилни градби во крајбрежниот појас што го нарушуваат пределот, водните спортови со што се уништуваат местата за мрестење на рибите како и истекување на нафта. Загадување во најголема мера заради оптоварувањето на колекторскиот систем и пречистителната станица како и интензивна урбанизација на заштитеното подрачје. Согласно Планот и заканите идентивикувани во него како цел се поставува развивањето на одржлив туризам, а како мерки се предлагаат: контролирана крајбрежна трансформација за целите на масовен туризам, контрола врз уредувањето на постојните плажи, ограничување и контрола на водни спортови, воспоставување на одржлив транспорт во текот на туристичката сезона, воспоставување на оддржлив културен и алтернативен туризам, контрола врз концентрирањето и влијанијата од туристичките посети. Ваквите цели би биле возможни само преку интервенција и зајакнување на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион преку зајакнување на правната рамка за управување, како и стратегиската рамка, континуирано следење на состојбата на природното и културното наследство, едукација на сите засегнати страни со цел подобрено управување со наследството, подобрување на интегритетот на доброто и меѓудржавно управување со прекуграничното природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

## 4. Валоризација на туристичкиот промет преку структурна анлаиза

Преку структурна анализа на бројот на посетители и ноќевања во Југозападниот Регион (2013-2022), и анализата на бројот на посетители и ноќевања на ниво на Р. Македонија (2013-2022), ја потенцираме туристичката вредност на регионот во контекст на потврда на изнесената хипотеза.

Во поддршка на хипотезата е направена уште една анализа во која се анализираат Општините Охрид и Струга како дел од заштитеното подрачје и дел од Југозападниот Регион и ги компарираме со вкупниот број на ноќевања во Р. Македонија.




Графикон бр. 1: Вкупен број на посетители во Р. Македонија 2013г.-2022г.

Согласно добиените податоци од МакСтат базата на Заводот за статистика на Р.М за периодот од 2013-2022 година, може да се заклучи дека бројот на странски и домашни посетители континуирано расте од 2013 до 2019 година кога го достигнува својот пик т.е. 757.593 странски посетители и 427.370 домашни посетители.

Во 2020г. следи драстичен пад од -84% кај странските посетители кој се објаснува со оневозможеноста на странските туристи да ја посетат нашата држава заради забраната за движење со цел спречување на ширењето на пандемијата предизвикана од корона вирусот КОВИД-19. Од 2021 година повторно странските посетители бележат нагорен тренд, кој продолжува и во наредната година, 2022 г. кога достигнува 537.436 посетители, што е само

70% од пикот достигнат во 2019 година т.е е ниво блиску до нивото од 2016 година со 510.484 посетители.

Ситуацијата со бројот на домашни посетители се разликува по тоа што падот во 2020г. е значајно поблаг со намалување од само -18% што се должи на: ограничувањата за движење надвор од земјава од една страна и стимулативните мерки за поддршка на домашниот туризам (издавање на ваучери) од друга страна. Растот на домашните посетители повторно се случува во 2021г а веќе во 2022г. со евидентирани 431.841 посетители. го надминува и пикот од пред пандемискиот период.

Од анализата лесно може да се заклучи дека странските туристи се побројни отколку домашните за разгледуваниот период. Ваквата состојба е индикатор за важноста на брендот- УНЕСКО заштитено подрачје.

Во голема мера странските туроператори и агенции го користат брендот УНЕСКО-заштитено подрачје при понудата на своите пакет аранжмани. Тука се појавува и потребата од спроведување на анкета наменета за странските туристи која би ја открила причината и мотивацијата за посета на овој простор. Кога ќе имаме одговор на прашањата, дали гостите доаѓаат поради природните или културните вредности како што се пр. Охридското Езеро или Националниот Парк- Галичица, археолошките наоѓалишта, историјата на градот и слично, ќе дојдеме поблиску до одговорот за влијанието на брендот на УНЕСКО при нивниот избор. Таквите резултати понатаму ќе се важен индикатор при изработката на стратешки и плански документи од интерес на регионот и неговото одржливо управување и заштита.




Графикон бр. 2: Вкупен број на ноќевања во Р. Македонија 2013г.-2022г.

Статистиката за бројот на ноќевања го следи трендот за бројот на посетители за истиот десет годишен период.

Ноќевањата од странските гости бележат континуиран раст од 2013 г. До 2019г кога имаат пик од 1.577.771 ноќевања. Слично е и кај ноќевањата од домашните гости чиј пик пред пандемискиот период достигнува 1.684.627 ноќевања во 2019г.

Пад на ноќевањата има во следната, 2020г со таа разлика што падот на ноќевања од домашни гости е -14%, а падот на ноќевања од странски гости е -84%.

Нов позитивен тренд кај бројот на ноќевања почнува во 2021г, а веќе во 2022г се забележува нов пик кај ноќевањата од домашни гости 1.703.841, додека тој број од странските гости е 1.144.763 или околу 73% од пикот достигнат во 2019г.




Графикон бр. 3: Ноќевања по региони

Достапната статистика за ноќевањата во Р. Македонија дава можност истите да се разгледуваат разгранети во 8 региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски.

Од таквата перспектива лесно може да се забележи дека Југозападниот Регион има доминатно учество во вкупниот број ноќевања во државата. Уделот на ноќевањата реализирани во Југозападниот Регион е во просек 51% од вкупните реализирани ноќевања на ниво на држава за 10 годишниот анализиран период, 2013г. - 2022г.

Таквата доминација доаѓа од фактот што во Охридското заштитено подрачје има концентрација на атрибутите со исклучителна универзална вредност која е препознаена и влијае во изборот на дестинацијата како кај домашните, така и кај странските туристи.




Графикон бр. 4: Број на ноќевања од домашни туристи




Графикон бр. 5: Број на ноќевања од странски туристи

Со подетална разработка и структурна анализа на Југозападниот Регион, се согледува доминантната позиција на Општина Охрид со учество од 69% остварени ноќевања во целиот Југозападен Регион во разгледуваниот 10 годишен период. Општина Струга учествува со 25% од ноќевањата за истиот период. Двете споменати општини имаат уделот од 94% во ноќевањата остварени во Југозападниот регион. Ова го истакнуваме

бидејќи најголемиот дел од заштитеното подрачје се протега на територијата на овие две општини.

Доколку направиме споредба на остварените ноќевања во заштитеното подрачје (Општина Охрид и Општина Струга) со вкупниот број ноќевања во Р. Македонија за период 2013г.-2022г. се гледа дека во заштитеното подрачје се остварени 48% од сите ноќевања во државата.

Тука би можело да се додаде и фактот дека статистичките податоци од 2015г. покажуваат дека во Југозападниот регион се наоѓаат 34% од вкупниот број на легла во Р. Македонија. Тоа дополнително води кон заклучокот дека сместувачките капацитети во Југозападниот регион имаат поголемо искористување во споредба со останатите сместувачки капацитети во рамки на Р. Македонија, бидејќи остваруваат 51% од сите ноќевања.

Согласно добиените податоци од Секторот за туризам и локален економски развој во Општина Охрид има вкупно: 18 хотели со три ѕвезди со капацитет од 1.872 лежаи; 22 со четири ѕвезди со капацитет од 3.167 лежаи и два хотела со пет ѕвезди со капацитет од 514 лежаи. Следствено, вкупниот број на лежаи кај хотелите е 5.553. Приватниот смештај во Охрид е застапен со категоризирани 4.724 објекти со вкупен број од 11.422 лежаи само на територијата на градот. Ако на тоа се додадат и категоризираните објекти од околните села и населби (Рача, Св. Стефан, Шипокно, Коњско, Лагадин, Елешец, Елшани, Пештани, Трпејца, Љубаништа, Велестово, Рамне, Орман, Лакочереј, Подмоље, Косел, Опеница и Завој) со 2015 категоризирани објекти со вкупен капицитет од 4.640 лежаи се добива вкупниот број на легла на тетериторијата на општина Охрид т.е 21.615 лежаи на територијата на општина Охрид.

## 5. Заклучок

Од спроведената структурна анализа на број на посетители и ноќевања во заштитеното подрачје на УНЕСКО-Охридски Регион, анализата на Југозападниот Регион, и анализата на ниво на Р. Македонија (2013-2022), може да се потврди хипотезата:

***Брендот - Светско културно и природно наследство на УНЕСКО на Охридскиот Регион, влијае на туристичкиот промет.***

Влијанието се гледа во доминацијата на учеството на Југозападниот Регион во вкупниот број на ноќевања на ниво на држава. Уделот на ноќевањата реализирани во Југозападниот Регион е во просек 51% од вкупните реализирани ноќевања во анализираниот десет годишен период (2013г. - 2022г.), како и во резултатот кој се доби со подетална анализа каде Општина Охрид, Струга и Дебрца како заштитен УНЕСКО регион ги екстрахираме од другите општини од Југозападниот регион и ги компарираме со вкупниот број на ноќевања во Р. Македонија за период 2013г.-2022г. од каде егзактно се гледа дека во заштитеното подрачје се остварени 48% од сите ноќевања во државата.

Југозападниот статистички регион во кој главен град е Охрид, по што следи градот Струга, на чија територија се наоѓа охридското заштитено подрачје е најчест избор на туристите, што сметаме дека се должи на препознавање на атрибутите на ИУВ на заштитеното подрачје препознаени и брендирани како УНЕСКО заштитено подрачје.

Со цел да се зачува позитивниот тренд со кој регионот предничи пред останатитите седум региони, а земајќи ја во предвид комплексноста на мешаното добро, како светско природно и културно наследство, потребни се иновативни и комплексни модели на управување, кои ќе понудат решенија за справување со спектарот на управувачки механизми, вклучително и во поширокиот прекуграничен регион на Охридското Езеро. Во таа смисла, успешното управување со светското наследство мора да биде сеопфатно и мултидисциплинарно и да обезбеди одржлив развој на територијата на доброто.

Законските решенија кои се на повидок особено Предлог законот за изменување и дополнување за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење како и Предлог законот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион, се очекува значајно да допринесат во делот на зачувување на интегритетот и на автентичноста на заштитениот Охридски Регион. Истите доаѓаат како интервенција на двете реактивни мисии на Унеско (2017 и 2020 година) кои ја покажуват флагратантната неодговорност за обврските превземени со потпишувањето на Конвенцијата за светско наследство. Тука се и законите кои се однесуваат на заштитата на природните вредности. Актуелно е усвојувањето на текстот за прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје во трета категорија- Споменик на природата, како постапката на прогласување на Паркот на природата Студенчишко блато (ИУЦН категорија IV).

Донесувањето на планските стратешки документи, како и реализација и мониторинг врз активностите т.е. превезмените акциски мерки предвидени во акционите планови кои би произлегле од нив е приоритет кој би ја покажал националната заложба. Донесувањето на План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) и на Стратегиски План за Рехабилитација на Охридски Регион (2023-2030) се добри примери во контекст на иснесеното. Од друга страна недостатокот на Стратегии за туризам, Стратегија за одржлив туризам, План за управување со посетители, Сообраќајни студии со цел растоварување на туристичките центри од масовни туристички движења и сообраќајна гужва, го дисбалансираат процесот кој и со правилна поставеност на факторите од кои е зависен е комплексен.

Поводени од премиста дека, зачувувањето на наследство, го дефинира националниот идентитет на една земја, ефективната интеграција во процесите на планирање на различни нивоа, меѓусекторската соработка, учеството на заедницата и прекуграничната заштита се предуслови за успешно долгорочно управување со Охридскиот регион како круцијална исклучителна нишка во севкупното национално наследство.

Повеќе од очигледно е дека постапувањето по препораките од Комитетот за светско наследство на УНЕСКО би бил своевиден гарант за зачувување на брендот на заштитено подрачје што пак од друга страна ќе го одржи интересот на туристите за избор на подрачјето.

Владите на Република Македонија и Република Албанија имаат клучна улога во однос на координирањето на надлежните органи и институции, имајќи ја предвид поставеноста на институциите на институционално и политичко ниво. Тие треба да овозможат и гарантираат исполнување на препораките на мисиите на Советодавните тела на Центарот за светско наследство на УНЕСКО, кои се насочени кон спречување на најголемите закани по автентичноста и интегритетот на регионот, зајакнување на заштитата и прекуграничната соработка и ефективното управување со ИУВ на доброто.

## 6. Користена литература


- Закон за култура
  („Службен весник на Република Македонија "бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ "бр. 15/2008);
- Законот за заштита на културното наследство

  (Службен весник бр. 20 од 02/04/2004 Вкупно 16 измени на 13/10/2004 ,25/09/2007 ,14/02/2011 ,21/10/2011 ,14/02/2013 ,07/10/2013 ,27/11/2013 ,24/02/2014 ,05/03/2014 ,30/12/2014 ,24/06/2015 ,04/09/2015 ,05/11/2015 ,29/02/2016 ,18/01/2018 ,30/01/2019);
- Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење

  (Службен В. на Р.М. бр: 47/2011 од 08.04.2011 Влегува во сила на: 16.04.2011 Измени Сл.В. на Р.М.: xxx/2015);

- Закон за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион (Службен весник на РМ број 75од 07.06.2010);

- План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029);

- Стратегиски План за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030);

- Risteski, Michael and Korunovski, Saso and Kocevski, Jordan (2020) ANALYSIS OF POTENTIALS AND ATTRACTIONS FOR THE DEVELOPMENT OF CULTURAL TOURISM IN THE SOUTH-WEST PLANNING REGION OF THE REPUBLIC OF N. MACEDONIA. Horizons International scientific journal Series a Social Sciences and Humanities, 26. pp. 7-17. ISSN 1857-9884

- **www.kultura.gov.mk;**

- **https://www.unesco.org/en;**

- **https://www.stat.gov.mk/ .**